**20200140254**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јануари 2020 година.

Бр. 08-433/1
16 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во член 22 по ставовите 1 и 2 се додаваат два нови става 3) и 4), кои гласат:

„3) Во матичната книга на родените која се води за населено место Скопје за 2010 година во уписот на децата родени во здравствена установа Систина во 2010 година или во друга приватна здравствена установа на територија на град Скопје може по исклучок да се исправи местото на раѓање согласно со Законот за општа управна постапка.

4) Управата за водење на матичните книги, поведува постапка за донесување решение за исправка на местото на раѓање во матичната книга на родените, согласно со ставот 3 на овој член, по поднесено барање од барателот за исправка на населено место на раѓање, кој кон барањето приложува документ за лична идентификација и примерок од изводот од матичната книга на родените за детето кај кое ќе се врши исправка на населеното место на раѓање.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.